**20192443812**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 7 став (8) од Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/19), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА ИЗНОСОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ И ПОСТАПКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ПО ОСНОВ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметката на износот за субвенционирање и постапката за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување по основ на зголемување на плата (во натамошниот текст: субвенционирање на придонесите).

Член 2

При поднесување на Месечната пресметка за интегрирана наплата до Управата за јавни приходи, согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, од страна на обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, (во натамошниот текст: обврзникот) се означува вработеното лице за кое се бара субвенционирање на придонесите, со внесување на шифра 404 во полето 3.23 од клиентскиот софтвер.

Член 3

(1) Износот на субвенционирање на придонесите се пресметува автоматски преку системот за интегрирана наплата на Управата за јавни приходи.

(2) За осигуреникот за кој обврзникот внел шифра со која бара субвенционирање на придонеси, се проверува исполнетоста на условите од Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата (во натамошниот текст: Законот).

(3) Доколку се исполнети условите, се проверува месецот и годината за која обврзникот за прв пат остварил право на субвенционирање на придонесите и врз основа на тој податок се проверуваат последователните месеци во кои осигуреникот кај истиот обврзник остварил единствено ефективни часови односно нема часови на надоместок за боледување, часови на терет на друг орган, како што се боледувања на терет на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

(4) Референтниот период се пресметува на ниво на осигуреник и тоа, три последователни месеци кои претходат на првиот месец на субвенционирање на придонесите согласно став 3 на овој член. Од референтниот период, се преземаат податоци за исплатени плати во референтниот период.

(5) Доколку во одреден месец од референтниот период, осигуреникот остварил помал или поголем број на часови од вкупниот број на часови во месецот, во тој случај исплатената плата се одредува на ниво на плата соодветна на вкупен број на часови во месецот, а потоа се пресметува просек за референтниот период, за одредување на референтна основна плата.

(6) Пресметаната нето плата за месецот за кој се побарува субвенционирање на придонесите се споредува со пресметаната плата за референтниот период и се утврдува разликата на плата.

(7) Доколку пресметаната нето плата за месецот за кој се побарува субвенционирање на придонесите е повисока од пресметаната плата за референтниот период, се смета дека е исполнет условот за зголемување на плата.

(8) Доколку пресметаната нето плата за месецот за кој се побарува субвенционирање на придонесите е еднаква или помала од пресметаната плата за референтниот период, се смета дека не е исполнет условот за зголемување на плата.

Член 4

(1) Доколку обврзникот ги исполнува условите согласно Законот, од страна на Управата за јавни приходи преку Декларацијата за прием, се врши автоматско намалување на пресметаниот износ на обврската за социјални придонеси, за износот на одобреното субвенционирање на придонесите и се подготвува Збирен налог за плаќање намален за износот на одобреното субвенционирање на придонесите, кои се доставуваат збирно до Министерството за труд и социјална политика.

(2) Доколку обврзникот не ги исполнува условите согласно Законот, од страна на Управата за јавни приходи преку Декларацијата за прием со порака „предупредување“ се известува обврзникот за неисполнетоста на условите и причините за неодобрување на субвенционирањето на придонесите, и се потврдува пресметката на обврска за социјални придонеси без одобрено субвенционирање на придонесите.

Член 5

Пресметката на износот на субвенционирање на придонесите се врши за утврденото зголемување на плата, при што износот на придонеси за субвенционирање се пресметува врз основа на утврдениот износ на зголемување на платата со соодветна примена на стапките на придонесите согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, што важат за периодот за кој се побарува субвенционирањето на придонесите.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 20-10574/2
25 ноември 2019 година
Скопје

Министер за
финансии,
**Нина Ангеловска**, с.р.

Бр. 08-6853/11
26 ноември 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.